**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-701/7**
**Скопје, 28.12.2006 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Основен суд Куманово сметка приходи наплатени од органи, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Куманово сметка приходи наплатени од органи за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Стојман Димковски, В.Д. Претседател на судот до 03.03.2005 година и
   - Селвер Исмани, Претседател на судот од 04.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија на 03.03.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

10.1.1. Потценети се позициите други активни временски разграничувања и дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година за износ од 13 илјади денари поради не водење на сметководството согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што има влијание на реалното изкажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се води сметководствената евиденција според сметководственото начело на парично искажување.

**10.2.** ***Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:***

10.2.1. Судот во текот на 2005 година врши исплата на вешти лица за давање на наод и мислење во вкупен износ од 33 илјади денари, а не на институцијата преку која е извршено вештачење како што е предвидено со член 20 од Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопанските престапи. Истото има влијание на законското работење на субјектот.

**Препорака:**
Исплатата на надоместокот на вештите лица за давање наод и мислење да се врши преку институцијата преку која е извршено вештачењето.

**10.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:**

*Неприменување на законски прописи*

10.3.1. Во текот на 2005 година, Основен суд Куманово има продадено две возила во своја сопственост со непосредна спогодба и тоа:

- Непосредна спогодба помеѓу Основен суд Куманово како сопственик на возилото Лада нива со регистерски број КУ 490-БР и лицето Трајан Спасовски како купувач, заведена под број 406/05 од 27.09.2005 година, за износ од 60 илјади денари и

- Непосредна спогодба помеѓу Основен суд Куманово како сопственик на возилото Лада самара со регистерски број КУ 552-БЛ и лицето Оливер Младеновски како купувач, заведена под број 421/05 од 10.10.2005 година, за износ од 21 илјади денари.

Продажбата на движните ствари со непосредна спогодба е извршена без да се формира комисија за продажба на движни ствари како што е предвидено со член 62 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Сл. Весник на РМ„ бр. 8/05).
Не е извршена проценка од овластен проценител на продадените возила иако на истите сметководствената вредност во моментот на продажбата е нула, како што е предвидено со членот 57 од погоре цитираниот Закон и
Продажбата на возилото Лада нива е извршена со непосредна спогодба а не со јавно надавање иако вредноста на истото е поголема од 500 евра, согласно член 59 од Законот. Возилото Лада самара е продадено со непосредна спогодба без проценка од овластен проценител за износ од 21 илјади денари, иако вредноста со извршената проценка која требало да биде извршена, можно е да биде и повисока.

Неформирање на комисија за продажба на движни ствари, не извршена проценка на истите и извршена продажба со непосредна спогодба а не со јавно надавање создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен купувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени купувачи и можност за продажба по нереални цени.

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

*10.3.2.* Со ревизија на јавните набавки кај Основен суд Куманово сметка на приходи наплатени од органи се утврди следното

- Не е донесен План за јавни набавки согласно член 11 од Законот;
- Не се води регистар за постапките за јавни набавки согласно на член 17 од Законот;
- Не е донесен интерен акт за набавки од мала вредност согласно член 72 од Законот;
- Вршени се набавки за канцелариски материјали, поправка и одржување, набавка на гориво, набавка на гуми и друго во вкупен износ од 388 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создават можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 и 10.2, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Куманово под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.3, кај Основен суд Куманово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции на сметката приходи наплатени од органи кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 27.12.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Основен суд Куманово Сметка приходи наплатени од органи**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,730 | 3,125 |
| Трансфери и донации | 0 | 14 |
| **Вкупно приходи** | **1,730** | **3,139** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,726 | 3,114 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,726** | **3,114** |
| **Вкупно расходи** | **1,726** | **3,114** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **4** | **25** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **4** | **25** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 4 | 25 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **4** | **25** |

**Основен суд Куманово Сметка приходи наплатени од органи**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 38 | 33 |
| Активни временски разграничувања | 0 | 3 |
| **Вкупно тековни средства** | **38** | **36** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 12 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **12** | **0** |
| **Вкупна актива** | **50** | **36** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 1 | 1 |
| Краткорочни финансиски обврски | 5 | 5 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 3 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 7 | 6 |
| Пасивни временски разграничувања | 25 | 21 |
| **Вкупно тековни обврски** | **38** | **36** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 12 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **12** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **50** | **36** |

**Основен суд Куманово Сметка приходи наплатени од органи**
**Средства од судски буџет**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **-** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **12** | **-** | **12** |
| Набавки | 12 | - | **12** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Амортизација | - | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **12** | **-** | **12** |